Врз основа на член 11 став 2 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ“, бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОШТЕТУВАЊЕТО НА ОРГАНИЗМОТ КОЕ НАСТАПИЛО ПРИ ВРШЕЊЕ ИЛИ ПО ПОВОД ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува кога ќе се смета дека оштетувањето на организмот од членот 11 став 1 точка 1 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци (во натамошниот текст: Законот) настапило при вршење или по повод вршење на работите и задачите на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: овластени службени лица).

Член 2

Како работи и задачи на овластените службени лица при чие вршење или по повод чие вршење може да настапи оштетување на организмот во смисла на членот 11 став 1 точка 1 од Законот, се сметаат:

- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- спречување на вршење кривични дела, откривање и фаќање на сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежни органи;
- вршење на увиди за пронаоѓање и обезбедување на предмети и траги на местото на извршување на кривично дело, вршење лабараториски испитувања, анализи и опити и учество во судски реконструкции, при обдукции и ексхумации;
- собирање податоци и известување со цел откривање, следење и документирање на активностите на странските разузнавачки служби и превземање на сите потребни мерки за попречување на таквата активност;
- собирање податоци и известувања за намери за терористичка активност, откривање на извршители, следење и документирање на нивната активност и превземање на сите потребни мерки за попречување на терористичката активност;
- собирање на податоци и известувања за откривање, следење, документирање и попречување на сите видови екстремни активности, на поединци и групи, насочени кон загрозување или насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија;
- собирање податоци и известување за откривање, следење, документирање и превземање мерки за попречување на потешките форми на организиран криминал;
- обезбедување и заштита на определени личности, објекти и подрачја од посебно значење за безбедноста и одбраната на земјата;
- регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата и други работи сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- преземање на пропишаните мерки во врска со движење и престој на странци во Република Македонија, контрола на преминување на државната граница, движење и престој во граничниот појас;
- заштита од пожари и експлозии и отстранување на последиците предизвикани од пожар, експлозивни материи, запаливи течности и гасови;

- укажување на помош при отстранување на последиците предизвикани од природни непогоди и епидемии кои можат да ги загрозат животот и здравјето на граѓаните и имотот;

- извршување на работи сврзани со меѓународна соработка, извршување на обврски од меѓународни договори и соработка на Министерството за внатрешни работи со сродни служби за безбедност на странски држави;

- обука и вежби со цел подготовка за функционирање на Министерството за внатрешни работи во услови на воена или вонредна состојба, како и при вонредни околности од поширокиразмери;

- изведување на практична настава на курсеви и други форми на стручно оспособување и усовршување (вежби во отежнати услови, ракување со оружје, со опрема и со средства за специјална намена).

Член 3

Ќе се смета дека оштетувањето на организмот настапило, во смисла на членот 11 став 1 точка 1 од Законот, по повод вршење на работи и задачи на овластените службени лица, ако тоа оштетување е последица на рана или повреда што овие работници ја здобиле како жртва на напад чиј непосреден повод е вршење на работи и задачи од членот 2 на овој правилник, иако непосредно во времето на нападот не ги вршеле тие работи и задачи.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12 - 14/9
25 април 1997 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Томислав Чокревски,** с.р.

Министер
за труд и социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.